# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО
# НА
# ЈЗУ ГРАДСКА ОПШТА БОЛНИЦА
# „8-ми СЕПТЕМВРИ” - СКОПЈЕ

за период

1 јануари – 30 јуни 2014 година

Скопје, јули 2014 година

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД....4

2. МИСИЈА И ЦЕЛИ НА БОЛНИЦАТА....4

3. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ....4

4. КАДАР....5

4.1. Материјална и дисциплинска одговорност....10

4.2. Други права од работен однос....10

5. КОНТРОЛА ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ....11

6. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ....11

7. ОПРЕМА....11

8. УЧЕСТВО НА ЕДУКАТИВНИ НАСТАНИ, ШКОЛУВАЊЕ И СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ....13

9. КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА....14

10. РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО....14

10.1. Споредбен приказ на бројот на амбулантски прегледи за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година....15

10.2. Споредбен приказ на бројот на извршени биохемиски анализи за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013и 2014 година....16

10.3. Споредбен приказ на бројот на извршени радиолошки услуги за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година....17

10.4. Споредбен приказ на бројот на извршени трансфузиолошки анализи за амбулантски пациенти за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година....18

10.5. Споредбен приказ на бројот на приеми во стационар за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година....19

10.6. Споредбен приказ на бројот на DRG-рани пациенти за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година....20

10.7. Споредбен преглед на бројот на извршени хируршки интервенции во период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година....21

10.8. Споредбен приказ на специфичниот вид и обем на ДСГ здравствени услуги (ФАКО метода) за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година....22

10.9. Споредбен преглед на вкупна вредност на издадени лекови и санитетски средства за период јануари-јуни 2014 година ........ 23

11. ФИНАНСИСКИ ЕФЕКТИ ........ 24

11.1. Вкупни обврски до 30 јуни 2014 година ........ 24

11.2. Споредбен преглед на трошоци за плата и договорни услуги ........ 24

12. ПРОЕКТИ ........ 25

13. ТЕКОВНИ ПРОБЛЕМИ ........ 25

## 1. ВОВЕД

Согласно чл. 110 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на РМ”, бр. 10/2013), директорот на ЈЗУ ГОБ “8-ми Септември” – Скопје има обврска да достави шест месечен извештај за работењето на здравствената установа до Министерството за здравство.

Овој извештај има за цел да го запознае Министерството за здравство со работењето на болницата во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2014 година во однос на остварениот обем на здравствени услуги и финансиското работење на установата.

## 2. МИСИЈА И ЦЕЛИ НА БОЛНИЦАТА

**Мисијата** на Градската општа болница „8-ми Септември“ – Скопје е да обезбедува секундарна и дел терцијарна медицинска заштита во третманот на пациентите преку давање првокласна, ефикасна и рентабилна услуга на најдобро можно професионално ниво.

**Основните цели** и задачи на Болницата, насочени кон остварување на нејзината определба, опфаќаат исполнување на највисоките вредности за интегритет, почит кон луѓето, квалитет, раководење и тимска работа. Болницата е посветена на создавање опкружување во кое пациентот е во центарот на сè што се работи. Исто така, таа е посветена на остварување врвни резултати, како и на начинот како да се постигнат истите.

## 3. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

Болницата во целина располага со површина од околу 61.387 м$^2$, а ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје, користи 40.634 м$^2$.

Од Агенцијата за катастар на недвижности добиени се: Имотен лист бр. 47480, Имотен лист бр. 28050, Имотен лист бр. 47496, Имотен лист бр. 55291.

Со добивањето на имотните листови и запишувањето во јавните книги ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје се здоби со трајно користење на недвижните ствари наведени во имотните листови.

Министерството за здравство дел од недвижноста на болницата со Договор за траен закуп на недвижни и движни ствари бр. 24-157/3 од 12.01.2012, го има дадено на ПЗУ Специјална болница Филип II – над 2.000 м$^2$.

Согласно Законот за здравствена заштита чл. 231 точка 14: „Средствата од закупнината се уплаќаат на посебна сметка на Јавната здравствена установа и се наменети за тековно и инвестициско одржување во ЈЗУ“, Министерството за здравство средствата од закупнината треба да ги употреби за обновување на инфраструктурата на болницата. Договорот за закуп е склучен во јануари 2012 година и дел од закупнината досега се употребена за одржување на инфраструктурата на болницата (реновирање на одделенијата).

Другиот дел кој е сопственост на Министерството за здравство – Здравствен дом – Скопје е даден под концесија на стоматолози концесионери – околу 700 м$^2$ и концесионери педијатари – околу 130 м$^2$.

Воено-медицинскиот центар и Командата за логистичка поддршка – околу 8.800 м$^2$ и понатаму остануваат во сопственост на Министерството за одбрана.

## 4. КАДАР

На 1 јануари 2014 година бројната состојба на вработените во болницата беше 524 лица, а на 30 јуни 2014 година бројната состојба беше 565 лица.

**Табела 1. Структура на вработени во болницата на 1.1.– 30.06.2014 година**

| | **СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕН КАДАР** | **Број на вработени лица** |
|---|---|---|
| 1. | Д-ри на медицина – специјалисти | 118 |
| 2. | Д-ри на медицина – доктори на медицински науки | 3 |
| 3. | Д-ри на медицина – субспецијалисти | 9 |
| 4. | Д-ри на медицина без специјализација | 3 |
| 5. | Д-ри на медицина кои се на специјализација | 16 |
| 6. | Фармацевти специјалисти | 3 |
| 7. | Медицински сестри ССС, ВШС, ВСС | 207 |
| 8. | Физиотерапевти | 10 |
| 9. | РТГ- техничари/технолози | 17 |
| 10. | Фармацевтски техничари | 4 |
| 11. | Здравствени соработници (психолози, социјални работници и др.) | 3 |
| 12. | Вработени во лаборатории (здравствени работници и соработници) | 24 |
| 13. | Болничари | 27 |
| 14. | Останати во медицински дел (ракувачи, администратори) | 22 |
| 15. | Административно-технички персонал, вкупно 99 и тоа:<br>- Управа (деловен секретар): 1<br>1. Работна единица за финанасиско-административни прашања, вкупно 20 и тоа:<br>- Финансиски сектор (сметководство; финансии; планирање, анализа и известување): 11<br>- Сектор за правни и општи работи (човечки ресурси; правни и општи работи; јавни набавки): 5<br>- Сектор за ИТ и статистика: 4<br>2. Работна единица за техничка поддршка, вкупно 78 и тоа:<br>- Сектор одржување зграда, опрема и апарати и ПП заштита: 12<br>- Сектор термоенергетски блок: 7<br>- Сектор за исхрана, перење облека и опремнина, вкупно 27 и тоа:<br>o Кујна: 19<br>o Перална: 8<br>- Сектор за обезбедување, транспорт, комунално одржување и животна средина и хигиена, вкупно 30 и тоа:<br>o обезбедување: 1<br>o транспорт: 8<br>o општи работници: 3<br>o хигиеничари: 18 | 99 |
| | **Вкупен број вработени на неопределено време** | **565** |

Болницата поднесе барање бр. 03-2325/1 од 24.09.2013 година за вработување на здравствени работници на неопределено време за 4 доктори на медицина за специјализација во странство и 6 медицински техничари со IV степен.

По добиената согласност за вработување на неопределено време на 4 доктори на медицина за специјализација во странство и 6 медицински техничари со IV степен во болницата од Министерството за здравство бр. 22-7834/2 од 30.09.2013 година и известување од Министерството за финансии бр. 02-35804/2 од 21.11.2013 година за прием на 4 доктори на медицина за специјализација во странство и 6 медицински техничари со IV степен, ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје на 27.11.2013 година објави јавен оглас за вработување на 4 доктори на медицина за специјализација во странство и 6 медицински техничари со IV степен. Постапката за прием на 4 доктори на медицина за специјализација во странство и 6 медицински техничари со IV степен се уште е во тек. Бидејќи истече финансиската согласност за 2013 година, поднесено е барање преку Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување за продолжување на финансиската согласност за 2014 година.

Постапката по конкурсот за вработување на 2 медицински техничари – инструментарки која е започната во 2012 година сè уште не е завршена и поради тоа поднесено е барање за продолжување на финансиската согласност за 2014 година.

Постапката по конкурсот за вработување на 3 физиотерапевти и 2 медицински лаборанти која е започната во 2012 година сè уште не е завршена и поради тоа поднесено е барање за продолжување на финансиската согласност за 2014 година.

Во извештајниот период болницата до Министерството за здравство поднесе барања за вработување и тоа:

- Барање бр. 03-174/1 од 14.01.2014 година за вработување на 1 внатрешен ревизор;
- Ургенција бр. 03-1091/2 од 24.03.2014 година за вработување на здравствени соработници – 3 психолози;
- Барање бр. 03-1978/2 од 12.06.2014 година за вработување на 6 доктори на медицина за работа со ангиограф, за кое е добиена согласност бр. 22-5905/2 од 25.06.2014 година од Министерство за здравство за вработување на 6 доктори на медицина за работа со ангиограф;
- Барање бр. 03-2029/1 од 16.06.2014 година за вработување на 4 доктори специјалисти по неврологија или завршна година на специјализација и 6 медицински техничари.

Во овој период се извршени две преземања на здравствени работници доктори специјалисти од приватни здравствени установи во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје и тоа: еден специјалист по интерна медицина и еден специјалист по оториноларингологија.

Со тоа болницата го поддржа проектот на Министерството за здравство за преземање на здравствени работници специјалисти од приватни во јавни здравствени установи.

## Табела 2. Структура на вработен кадар до 30.06.2014

| СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕН КАДАР ДО 30.06.2014 | | |
|---|---|---|
| 1 | Д-р на медицина | 3 |
| 2 | Д-р на специјализација | 16 |
| 3 | Д-р специјалисти | 118 |
| 4 | Д-р субспецијалисти | 9 |
| 5 | Д-р на науки | 3 |
| | | **Вкупно доктори: 149** |
| 1 | Мед. техничари со ССП | 163 |
| 2 | Мед. техничари со ВШСП | 2 |
| 3 | Мед. техничари со ВМШ | 42 |
| | | **Вкупно мед. техничари: 207** |
| 1 | Фармацевти специјалисти | 3 |
| 2 | Фармацевтски техничари | 4 |
| | | **Вкупно фармацевти: 7** |
| 1 | Физиотерапевт со ССП | 7 |
| 2 | Физиотерапевт со ВШСП | 1 |
| 3 | Физиотерапевт со ВМШ | 2 |
| | | **Вкупно физиотерапевти: 10** |
| 1 | РТГ технолози | 17 |
| | | **Вкупно РТГ технолози: 17** |
| 1 | Лаборант со ВМШ | 1 |
| 2 | Лаборант со ССП | 9 |
| | | **Вкупно лаборанти во ЦКЛ: 10** |
| 1 | Лаборант – трансфузист со ВМШ | 1 |
| 2 | Лаборант – трансфузист со ССП | 5 |
| | | **Вкупно лаборанти – трансфузисти: 6** |
| 1 | Мед. лаборант со ССП | 2 |
| | | **Вкупно мед. лаборанти во патологија: 2** |
| 1 | Здравствени соработници | 9 |
| | | **Вкупно здравствени соработници: 9** |
| 1 | Болничари | 27 |
| | | **Вкупно болничари: 27** |
| 1 | Останати во медицински дел | 22 |
| | | **Вкупно останати во медицински дел: 22** |
| | | **Вкупно медицински персонал: 466** |
| **Административно – технички персонал** | | |
| 1 | Деловен секретар | 1 |
| 2 | Дипл. економист | 1 |
| 3 | Дипл. правник | 1 |
| 4 | Инженери | 6 |
| 5 | Хигиеничари | 18 |
| 6 | Останат немедицински персонал | 72 |
| | | **Вкупно административно – технички персонал: 99** |
| **Вкупен број вработени на неопределено време: 565** | | |

**Табела 3. Број на лекари по дејности заклучно со 30.06.2014**

| Работна единица за вршење здравствена дејност | Број на постели | Субспеци-јалисти | Специја-листи | На специја-лизација | За специјализ ација |
|---|---|---|---|---|---|
| Општа и дигестивна хирургија | 62 | 4 | 9 | 3 | |
| Урологија | 31 | | 7 | 1 | |
| Ортопедија и трауматологија | 31 | | 8 | | |
| Интерна медицина | 84 | 5 | 25 | 4 | 2 |
| Анестезија и реанимација | 12 | | 12 | 1 | |
| Инфективно | 12 | | 4 | | |
| Офталмологија | 29 | | 4 | 1 | |
| ОРЛ | 10 | | 7 | | |
| Дерматовенерологија | 12 | | 5 | 1 | 1 |
| Трансфузиологија | | | 4 | | |
| Неврологија | 12 | | 8 | 2 | |
| Психијатрија | 19 | | 9 | | |
| Радиологија | | | 11 | | |
| Патологија | | | 2 | 1 | |
| Физикална медицина | | | 4 | 1 | |
| Медицина на труд | | | 2 | | |
| Централна биохемиска лабораторија | | | | 1 | |
| **ВКУПНО** | **314** | **9** | **121** | **16** | **3** |

Поради објективниот недостаток на кадар и секојдневно зголемените обврски кои болницата ги презема (амбулантно-поликлиничка служба, болничко лекување, број на операции итн.), а поради неможност за нови вработувања, во болницата се ангажирани волонтери и лица за времено извршување на определени работи.

**Табела 4. Структура на волонтери и лица ангажирани за времено вршење на определени работи во болницата до 30.06.2014 година**

| **ПРОФИЛ** | | **Вкупен број** |
|---|---|---|
| Медицински кадар | Д-ри на медицина без специјализација | 15 |
| | Д-ри на медицина кои се на специјализација | / |
| | Специјалисти | 1 |
| | Здравствени соработници (психолози, соц.работници и др.) | 2 |
| | Медицински сестри (ССС, ВШС, ВСС) | 62 |
| | Вработени во лаборатории (здрав. работници и соработници) | 16 |
| | РТГ-техничари/технолози | 5 |
| | Физиотерапевти | 12 |
| | Фармацевтски техничари | 3 |
| Болничари | | 52 |
| Останати во медицински дел (ракувачи, администратори) | | 54 |
| Административен кадар | Правен техничар | 1 |
| | Економски техничар | 3 |
| | останати со ССС, ВШС | 8 |
| | Правници | 2 |
| | Економисти | 4 |
| Технички персонал | | 44 |
| Хигиеничари | | 52 |
| | **ВКУПНО** | **336** |

Волонтерите се вклучени во секојдневната работа на болницата, а истовремено се врши и нивна едукација.

Управниот одбор на болницата, поради зголемениот обем на работа, донесе одлука за продолжување на одлуката на лицата времено ангажирани за вршење на определени работи од 01.04.2014 година до 31.12.2014 година.

За таа цел е избрана Агенција за авторски права преку која ќе се врши исплата на надоместокот за временото ангажирање за извршување на определени работи со ангажираните 272 лица.

Во однос на просечната старост на лекарите - специјалисти констатирано е дека истата е околу 48 години, што ќе се одрази на намалувањето на специјалистичкиот кадар во блиска иднина. Во следните 4 години 19 специјалисти заминуваат во пензија.

**Табела 5. Одлив на лекари специјалисти по основ на исполнување услови за старосна пензија во следните 6 години, според дејноста**

| Дејност | Година на заминување во пензија |
|---|---|
| Неврологија - **1** | 2014 |
| Интерна медицина - **1** | 2015 |
| Анестезија и реанимација - **2** | 2015 |
| Хирургија - **2** | 2015 |
| Урологија - **1** | 2015 |
| Физикална медицина - **1** | 2015 |
| Медицина на труд - **1** | 2015 |
| Урологија - **1** | 2016 |
| Инфективни болести - **1** | 2016 |
| Анестезија и реанимација - **1** | 2016 |
| Интерна медицина - **1** | 2017 |
| Патологија -**1** | 2017 |
| Анестезија и реанимација - **2** | 2018 |
| Хирургија - **1** | 2018 |
| Ортопедија -**1** | 2018 |
| Психијатрија -**1** | 2019 |

Друг кадар кој ќе замине во пензија во овој период се 7 медицински техничари и 18 останати.

Поради исполнување на планираниот вид и обем на услуги кои ги обезбедува болницата, потребно е постепено кадровско до екипирање и тоа:

- статусот на докторите кои се ангажирани за времено извршување на определени работи на дијализа да се трансформира во редовен работен однос и Одделението за дијализа да се до екипира уште со 3 специјалисти по интерна медицина – нефролози за дијализа;
- кадровско зајакнување на новиот Ургентен центар со 10 доктори специјалисти по ургентна медицина;
- да се одобри конкурс за вработување на 10 анестезиолози или, по можност, да се при завршување на специјализација, бидејќи 6 специјалисти анестезиолози ќе заминат во пензија;

- вработување на 120 медицински техничари во најкраток рок поради недостаток од медицински техничари;
- вработување на 5 медицински лаборанти, 5 физиотерапевти, 5 радиолошки технолози и фармацевтски техничари;
- вработување на здравствени соработници 3 психолози;
- вработување на 4 специјалисти невролози на Одделот за неврологија со интензивна нега;
- вработување на 2 физијатри и 2 офталмолози на Одделението за физикална медицина и медицинска рехабилитација и Одделот за офталмологија;
- вработување на 2 радиолози на Одделот за радиологија; и
- развој на Одделението за онкологија со вработување на 4 специјалисти по онкологија;
- развој на Одделението за интервентна кардиологија со вработување на 6 специјалисти по интерна медицина за интервентна кардиологија.

Исто така, потребно е вработување на немедицински персонал од областите на економијата, правото и кадри за техничко - логистичка поддршка (болничари, хигиеничари, готвачи, администратори - оператори, сервирки, машински техничари и др.).

Потребното до екипирање на кадарот да се реши преку глобално вработување на лицата времено ангажирани за извршување на определени работи и волонтерите кои се над 2 години во болницата.

**Табела 6. Планирани вработувања за наредните 4 години**

| Моментален број вработени во болницата | Планирано вработување до крај на | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2014 год. | 2015 год. | 2016 год. | 2017 год. |
| 565 | 150 | 100 | 60 | 40 |

### 4.1. Материјална и дисциплинска одговорност

Во овој период поведени се три постапки за материјална одговорност од кои трите се завршени со дисциплинска казна.

Исто така во овој период се поведени четири постапки за дисциплинска одговорност и две се завршени со опомена за вработените, а другите две со парична казна.

### 4.2. Други права од работен однос

Во текот на шест месечниот период одобрени се две барања за неплатено отсуство и за нив се донесени решенија. По завршувањето на неплатеното отсуство, двајцата вработени навреме се вратија на работа.

## 5. КОНТРОЛА ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ

Фондот за здравствена заштита вршеше редовни и вонредни контроли во болницата и не најде никакви забелешки.

Исто така, Државниот санитарен и здравствен инспекторат вршеше редовни и вонредни контроли во болницата.

## 6. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје покрај дејноста на општа болница со Законот за здравствена заштита може да врши и здравствена дејност на превентивни, периодични и контролни здравствени прегледи на сите лица, како и проверка на здравствениот статус на специфични категории на професии на вработени лица, државни и јавни службеници.

Министерството за здравство издаде Решение бр. 1204/2 од 22.05.2012 година на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје за вршење на здравствени прегледи за здравствена и психофизичка способност на кандидатите за возачи и возачи на моторни возила и издавање на уверение за здравствена и психофизичка способност за управување со моторно возило, трактор и работна машина.

Со Решение бр. 10-4051/2 од 22.05.2012 година Министерството за здравство донесе решение за дополнување на решението за определување на здравствени установи во кои ќе се врши лекарски преглед на физичко лице заради утврдување на здравствената способност за поседување и носење на оружје.

Амбулантата за медицина на трудот во период од 1 јануари до 30 јуни 2014 изврши вкупно 34 прегледи и тоа: 4 прегледи за вработување, 14 прегледи за возачи и 16 прегледи за поседување и носење оружје.

Во период од 01.01.–30.06.2014 година се поведени 74 постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки.

Управниот одбор донесе одлука со кои го овласти Министерството за здравство за потребите на болницата да спроведе групна јавна набавка за биохемиски тестови.

Со добивање на новата опрема во болницата и едукацијата на докторите на сметка на болницата и Министерството за здравство, во болницата продолжија да се воведуваат нови дијагностички и терапевтски процедури.

## 7. ОПРЕМА

Во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2014 година, преку распишаните тендери од Министерството за здравство, требаше да пристигне следната опрема:

- анестезиолошки машини и останата опрема за анестезиологија;
- опрема за кардиологија;
- опрема за интензивна нега;
- опрема за развој на оториноларингологија;
- опрема за патологија;

- опрема за урологија и
- опрема за трансфузиологија.

Истата не е пристигната, а е неопходна за работењето на болницата.

Преку проектот на Владата на РМ и Фондот за здравствено осигурување на Македонија за донации во јавните здравствени установи, во болницата се добиени следните донации:

- 10 комплети составени од плакар, работна маса и фиокар;
- 20 комплета составени од работна маса и фиокар;
- 10 канцелариски столици со тркалца;
- 30 столици за пациенти, без тркалца.

Во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2014 година преку Министерството за здравство и со сопствени средства се набавени следните апарати:

- ТОРЗИОНА ФАКО РАЧКА ТИП ОЗИЛ ЗА АПАРАТ ИНФИНИТИ
- КОНТЕЈНЕР ЗА СТЕРИЛ. АЛУМ. (580X270X260) X 50
- УЛТРАЗВУЧ.КУКА Т3080 КАТ.БР N1051930 С.Б.9212130 И 9212203 X 2
- СИСТЕМ ЗА ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА ЗА ОТ. ХИРУРГИЈА КОМОПЛЕТ

Од градежни работи со сопствени средства и донација направени се следните работи:

- нови шалтери на Одделението за прием и тријажа, амбулантите за дерматовенерологија, инфективни болести и урологија, Одделот централна биохемиска лабораторија и Одделението за патологија;
- втора фискална каса во Поликлиника;
- нова Архива за складирање на истории на болести;
- нова компресорска станица и нови приклучни дозни за гасови на интензивна.

Во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2014 година се случија поголеми дефекти на апаратите и тоа:

- поправка на изгорена рентген цевка на апаратот за КТ
- замена на хидрауличен мотор на апаратот за КТ
- поправка на ЕХО апарат на Одделот за радиологија
- сервисирање и надградба на ласерски принтер на Одделот за радиологија
- сервис на операционен стол TRUMPF
- сервис на Мамомат - замена на педала
- поправка на РТГ апарат LUMINUS FUSION

За отстранување на дефектите беа повикани овластените сервиси со кои болницата има договор за одржување на апаратите. Финансиските средства потребни за отстранување на дефектите беа обезбедени преку сопствени средства на болницата. Бидејќи апаратите беа осигурени преку осигурителна компанија, истите на болницата ѝ исплатија премија за претрпената штета.

# 8. УЧЕСТВО НА ЕДУКАТИВНИ НАСТАНИ, ШКОЛУВАЊЕ И СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Заради стручно усовршување и следење на новитетите, како во областа на медицината, така и во останатите области, вработените од болницата се упатуваат на едукативни настани кои се одржуваат во и надвор од Републиката:

- 60 здравствени работници во шест месечниот период од 01.01.-30.06.2014 година присуствуваа на разни семинари, конгреси, симпозиуми и друга стручна едукација за совладување на вештините во медицината.
- Преку Министерството за здравство на стручно усовршување беа упатени 27 здравствени работници.
- Во периодот од 01.01.-30.06.2014 година четири здравствени работници кои беа упатени на специјализација, ја завршија специјализацијата (двајца по општа хирургија, еден по ортопедија и еден интерна медицина) на Медицинскиот факултет во Скопје. Еден специјалист по интерна медицина заврши субспецијализација на Медицинскиот факултет во Скопје по кардиологија.
- Министерството за здравство донесе Одлука бр. 09-4795/6 од 25.06.2013 година за вршење на практичен дел на специјализациите во болницата од определени области: анестезија со интензивно лекување, општа хирургија, дигестивна хирургија, интерна медицина, психијатрија, неврологија и урологија.
  Болницата побара Одлука бр. 09-4795/6 од 25.06.2013 година за вршење на практичен дел на специјализациите да се дополни со следниве области: дерматовенерологијата, офталмологијата, ортопедијата, радиологија и оториноларингологија.
- Правниците и економистите учествуваа на семинари од соодветната област, организирани од нивните здруженија.
- Петнаесет здравствени работници (лекари специјалисти) се во тек на докторски студии по медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.
- ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје за областите ортопедија, патологија и пулмологија има склучено договор за консултантски услуги со тројца еминентни професори од Медицинскиот факултет во Скопје за едукација, обука и консултација на своите доктори.

Болницата активно учествува и како координатор на разни презентации и семинари организирани од други установи.

Во болницата се спроведуваат стручни испити на средно, вишо и високо едуциран сестрински кадар и се врши интерна едукација за болничари.

Болницата има одлична соработка со другите јавни здравствени установи од Републиката, а остварува добра соработка и со други институции како во Републиката, така и надвор од неа.

Како резултат на добрата соработка учениците од Средното медицинско училиште „Панче Караѓозов” остваруваат феријална пракса во болницата.

Дел од учениците од Средното угостителско училиште „Димитар Влахов” остваруваат пракса во болничката кујна.

Болницата има добра соработка и со Министерството за здравство преку навремено информирање на Министерството за сите активности на болницата. Исто така учествува во проектите на Министерството за здравство како што се дисперзирани клиники. Преку проектите на Министерството за здравство докторите од болницата учествуваат во проектот теле медицина како и едукација за примена на определена метода од обласста офталмологија (Фако метода) во други Јавни здравствени установи.

Болницата има добра соработка и со Фондот за здравствено осигурување на Македонија во остварувањето на правата на пациентите.

Болницата остварува добра соработка и со здружението „НЕФРОН” за пациентите кои доаѓаат на дијализа во болницата.

Болницата остварува добра соработка и со здравствени установи надвор од земјата како што се Воената медицинска академија – Белград, Клиничкиот центар „Ребро” – Загреб и Клиничкиот центар – Сплит.

## 9. КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА

Во однос на компјутеризацијата во болницата, врз основа на спроведена постапка за јавна набавка, набавени се 50 нови десктоп компјутери.

Извршена е инсталација на систем за контрола на пристап на новата ургентна служба.

## 10. РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Во следната табела се прикажани активностите на болницата во давањето здравствени услуги на пациентите за периодот 1 јануари – 30 јуни 2014 година.

| Рб. | Активност | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Број на амбулантни прегледи | 96.746 |
| 2. | Број на анализи – Централна биохемиска лабораторија | 297.044 |
| 3. | Број на услуги – Радиологија | 23.069 |
| 4. | Број на анализи – Трансфузиологија (амбулантски пациенти) | 13.026 |
| | Број на анализи – Трансфузиологија (вкупно) | 17.614 |
| 5. | Број на хоспитализирани пациенти | 6.979 |
| 6. | Број на операции – дигестивна хирургија | 542 |
| 7. | Број на операции – општа и ургентна хирургија | 485 |
| 8. | Број на операции – ортопедија и трауматологија | 429 |
| 9. | Број на операции – урологија | 388 |
| 10. | Број на операции – офталмологија | 1.176 |
| 11. | Број на операции – ОРЛ | 360 |
| 12. | Денови на хоспитализација | 48.453 |
| 13. | Просечно денови на престој | 6,94 |

Во следната табела е прикажан годишниот одобрен буџет на болницата од Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2011, 2012, 2013 и 2014 година:

| Година | 2011 год. | 2012 год. | 2013 год. | 2014 год. |
|---|---|---|---|---|
| Годишен одобрен буџет од ФЗОМ | 475.991.122,00 | 488.527.080,00 | 537.639.278,00 | 600.000.000,00 |

Во продолжение, покрај споредбените прикази на извршените здравствени услуги, даден е и споредбен приказ на порастот на здравствените услуги во однос на порастот на буџетот на болницата.

## 10.1. Споредбен приказ на бројот на амбулантски прегледи за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година

| Година | 2011 год. | 2012 год. | 2013 год. | 2014 год. |
|---|---|---|---|---|
| Број на прегледи | 47.785 | 73.091 | 80.447 | 96.746 |






## 10.2. Споредбен приказ на бројот на извршени биохемиски анализи за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013и 2014 година

| Година | 2011 год. | 2012 год. | 2013 год. | 2014 год. |
|---|---|---|---|---|
| Извршени анализи | 148.543 | 227.233 | 263.360 | 297.044 |






## 10.3. Споредбен приказ на бројот на извршени радиолошки услуги за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година

| Година | 2011 год. | 2012 год. | 2013 год. | 2014 год. |
|---|---|---|---|---|
| **Извршени услуги** | 14.329 | 24.151 | 13.099 | 23.069 |







Напомена: Поголемиот број извршени услуги во 2012 година во однос на 2011 година е поради систематските прегледи кои се правеа на војската на стариот РТГ апарат.

Помалиот број извршени услуги во 2013 година е поради тоа што стариот РТГ апарат беше демонтиран во текот на февруари, а новите РТГ апарати се инсталираа и ставија во употреба во текот на април и мај.

## 10.4. Споредбен приказ на бројот на извршени трансфузиолошки анализи за амбулантски пациенти за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година

| Година | 2011 год. | 2012 год. | 2013 год. | 2014 год. |
|---|---|---|---|---|
| Извршени анализи | 3.481 | 6.089 | 7.881 | 13.026 |






## 10.5. Споредбен приказ на бројот на приеми во стационар за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година

| Година | 2011 год. | 2012 год. | 2013 год. | 2014 год. |
|---|---|---|---|---|
| Број на приеми | 4.313 | 5.734 | 5.565 | 6.979 |







Напомена: Поради реновирање на болничките одделенија од страна на Министерството за здравство, во континуитет по три одделенија беа затворени во текот на 2013 година

## 10.6. Споредбен приказ на бројот на DRG-рани пациенти за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година

| Година | 2011 год. | 2012 год. | 2013 год. | 2014 год. |
|---|---|---|---|---|
| Број на пациенти | 4.242 | 5.293 | 5.265 | 6.590 |







Напомена: Поради реновирање на болничките одделенија од страна на Министерството за здравство, во континуитет по три одделенија беа затворени во текот на 2013 година

## 10.7. Споредбен преглед на бројот на извршени хируршки интервенции во период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година

| | Број на извршени хируршки интервенции | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Оддел/одделение** | **2011 год.** | **2012 год.** | **2013 год.** | **2014 год.** |
| **Дигестивна хирургија** | 490 | 476 | 438 | 542 |
| **Општа и ургентна хирургија** | 415 | 428 | 437 | 485 |
| **Ортопедија и трауматологија** | 233 | 311 | 375 | 429 |
| **Урологија** | 261 | 299 | 292 | 388 |
| **ОРЛ** | 100 | 197 | 271 | 360 |
| **Офталмологија** | 625 | 640 | 800 | 1.176 |
| **Вкупно** | **2.124** | **2.351** | **2.613** | **3.380** |









## 10.8. Споредбен приказ на специфичниот вид и обем на ДСГ здравствени услуги (ФАКО метода) за период јануари-јуни за 2011, 2012, 2013 и 2014 година

| Година | 2013 год. | 2014 год. |
|---|---|---|
| C17A - Процедури на леќа по Фако метода | 479 | 782 |
| C17B - Процедури на леќа по Фако метода, истиот ден | 144 | 166 |




## 10.9. Споредбен преглед на вкупна вредност на издадени лекови и санитетски средства за период јануари-јуни 2014 година

| Година | 2013 год. | 2014 год. |
|---|---|---|
| **Вкупна вредност на издадени лекови и санитетски средства** | 80.676.618,00 | 119.946.601,00 |




Вкупната вредност на издадени лекови и санитетски средства во 2014 година е зголемена за 49% во споредба со 2013 година.

## 11. ФИНАНСИСКИ ЕФЕКТИ

Во следната табела се прикажани остварените финансиски резултати на болницата за периодот 1 јули – 31 декември 2013 година.

| Приходи и трошоци | Износ во денари |
|---|---|
| **ПРИХОДИ** | |
| Пренесени средства на сопствена сметка на 02.01.2014 год. | 1.703.163,00 |
| Уплатени средства од ФЗОМ | 299.890.852,00 |
| Остварени сопствени средства без партиципација | 21.577.892,00 |
| Наплатена партиципација | 29.176.346,00 |
| Донации | - |
| **Вкупно приходи** | **352.348.253,00** |
| Фактурирани износи кон ФЗОМ | 330.114.334,00 |
| Побарувања на средства | 40.295.610,00 |
| **ТРОШОЦИ** | |
| Плати со придонеси | 123.403.889,00 |
| Надоместоци | 183.797,00 |
| Патни и дневни расходи | 114.452,00 |
| Комунални трошоци | 28.552.996,00 |
| Материјали и ситен инвентар | 3.870.784,00 |
| Лекови | 16.668.839,00 |
| Потрошен медицински материјал | 78.670.630,00 |
| Храна | 4.123.380,00 |
| Поправки и тековно одржување | 22.180.078,00 |
| Договорни услуги | 27.381.497,00 |
| Други тековни расходи | 435.924,00 |
| Трансфери при пензионирање | 128.418,00 |
| Опрема | 16.973.638,00 |
| Градежни објекти | 27.883.175,00 |
| Мебел | 150.000,00 |
| **Вкупно трошоци** | **350.721.497,00** |

### 11.1. Вкупни обврски до 30 јуни 2014 година

Во следната табела се прикажани вкупните обврски евидентирани со 30.06.2014 година и достасани обврски - долгови со 30.06.2014 година.

| | Износ во денари |
|---|---|
| **ВКУПНИ ОБВРСКИ** | **277.375.561,00** |
| **ДОСТАСАНИ ОБВРСКИ - ДОЛГОВИ** | **228.140.264,00** |

Пренесените обврски од 2013 во 2014 година изнесуваат 256.252.573,00 денари.

### 11.2. Споредбен преглед на трошоци за плата и договорни услуги

| Година | 2011 год. | 2012 год. | 2013 год. | 30.06.2014 |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно трошоци за плата и договорни услуги** | 199.509.304 | 255.091.667 | 277.540.350 | 150.785.386 |

## 12. ПРОЕКТИ

Во период од 1 јануари – 30 јуни 2014 година продолжија започнатите проекти и градежни активности со цел зголемување на ефикасноста во работењето и давањето поквалитетни здравствени услуги, и тоа:

- се продолжи со реконструкција на Одделението за итна (ургентна) медицина - Дежурна служба преку донација од Владата на САД и со сопствени средства;
- за добивање на термоенергетска ефикасност на објектот се продолжи со подготовките за замена на прозорите и обнова на фасадата преку проекти на Владата на РМ – Министерство за здравство;
- со сопствени средства, преку договори за јавни набавки, се изврши реконструкција на одредени делови од поликлиниката и се преземаа соодветни активности за одржување на зградата и термоенергетскиот блок;
- започната е постапката за гасификација на термоенергетскиот блок и прилагодување на инсталацијата на природен гас.

## 13. ТЕКОВНИ ПРОБЛЕМИ

Во текот на своето работење болницата се соочи со следните проблеми:

- Одобрениот буџет на болницата е недоволен за да го прати зголемениот обем на работа на болницата. Со зголемениот обем на работа се продуцираат долгови.
- Приоритети во инфраструктурата и тоа:
  - замена на водоводната и канализациската инфраструктура по хоризонтала и вертикала (стара повеќе од 40 години) со нова инфраструктура,
  - замена на котлите во термоенергетскиот блок (стари повеќе од 40 години) со нови котли и воведување нов енергенс - гас, бидејќи нивното сервисирање е финансиски неисплатливо,
  - поставување нова трафостаница, бидејќи моќноста на постоечката не ги задоволува капацитетите на болницата,
  - добивање на уреди за стабилизација на напонот за новата опрема,
  - замена на прозорите за добивање термоенергетска ефикасност, и друго;
- Недоразбирање со клиниките и катедрите за обавување на дел од специјалистичките турнуси во болницата;
- Проценка од надворешна експертиза со којашто ќе се утврди дали потенцијалот на електроенергетскиот систем соодветствува со потрошувачкиот капацитет на ново инсталираната медицинска опрема;
- Губење на статусот на наставна база кој статус Воената болница го имаше од 1978 година, односно не склучување на договор за вршење на наставна дејност во нашата установа со деканатот на Медицинскиот факултет во Скопје. Во дозволата за работа децидно е наведена можноста за склучување договори со Медицинскиот, Стоматолошкиот и други факултети за вршење наставна дејност.

**Предлог:** Преоѓање на болницата во Градски Универзитетски клинички центар со што би се оствариле условите за понатамошен стручен, а особено и научен развој на болницата, како и склучување договор со Медицинскиот факултет.

**ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“**
**в.д. Директор**
**Проф. д-р Сашо Стојчев**